**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството, бидејќи содржи важни информации за Вас.**
Овој лек се издава без рецепт за третман (ублажување) на полесни здравствени проблеми за кои не е потребно да се посоветувате со лекар. И покрај тоа, Ексодерил треба да го употребувате внимателно за да Ви биде повеќе од корист.
*- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
*- Советувајте се со Вашиот фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.*
*- Ако симптомите на болеста не се подобрат во текот на 4 недели, тогаш мора да одите на лекар.*

**Упатството за пациентот содржи**:


1. *Што претставува Ексодерил и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете пред да го употребите Ексодерил*
3. *Како да го употребувате Ексодерил*
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на Ексодерил*


# Exoderil® / Ексодерил® 1% раствор за кожа

Naftifine Hydrochloride

*Активна супстанција*: нафтифин хидрохлорид.

*Помошни супстанции*: етанол, пропилен гликол, прочистена вода.

Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет: Лек Скопје ДООЕЛ, „Перо Наков“ бр.33, Скопје, Р. Македонија.

Име и адреса на производителот: Sandoz GmbH - Кундл, Австрија.

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЕКСОДЕРИЛ И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

1ml раствор за кожа содржи 10 mg нафтифин хидрохлорид.

Содржина на пакувањето:
Стаклено кафено шише 10 ml и 20 ml, со пластично капаче на навој и пластична вертикална капалка.

Ексодерил содржи нафтифин хидрохлорид како активна супстанција и наменет е за надворешна употреба при габични инфекции. Ексодерил е ефикасен против кожни габички, квасни габички, мувли и други габи. Исто така, делува против многу други бактерии кои често се појавуваат заедно со габичните инфекции.

Ексодерил се употребува при габични инфекции на стапалото, особено помеѓу прстите и на табаните (се препознаваат како црвенило, лупење и отекување или плускавци што чешаат) и ноктите.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ ЕКСОДЕРИЛ

**Немојте да употребувате Ексодерил:**
Ако сте алергични на нафтифин хидрохлорид (активна супстанција), пропилен гликол или на некоја од другите помошни супстанции.

**Бидете особено внимателни со Ексодерил:**
Разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт пред да го употребите Ексодерил.

Ексодерил е наменет само за надворешна употреба и не смее да дојде во контакт со очите. Ако случајно дојде до контакт со очите, очите треба внимателно да ги измиете со млаз вода.

Растворот не смее да се аплицира на оштетена кожа, бидејќи содржи алкохол кој може да предизвика болно печење.

Доколку симптомите продолжуваат или ако лекувањето не е успешно како што се очекувало, мора да се консултирате со лекар колку што е можно побрзо.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете каков било лек.*
Ако сте бремена или доите, ако мислите дека сте бремена или планирате да имате бебе, прашајте го Вашиот лекар или фармацевт за совет пред да го употребите овој лек.

Ако се употребува правилно, не треба да се очекува да има некакви ефекти врз нероденото бебе или доенчето.

**Влијание врз способноста за возење или за ракување со машини**
Ексодерил 1% раствор за кожа нема влијание врз способноста за возење и за ракување со машини.

**Важни информации за некои составни компоненти на Ексодерил**
Ексодерил содржи етанол. Поради ова растворот не смее да дојде во контакт со очите или да се аплицира на оштетена (испукана) кожа.
Ексодерил содржи пропилен гликол како растворувач, кој може да предизвика кожна иритација.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ

**Земање други лекови**
Ве молиме да имате предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние производи што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.

Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале кој било друг лек, дури и оние што не се на лекарски рецепт.

Не се познати интеракции меѓу Ексодерил и други лекови.

## 3. КАКО ДА ГО УПОТРЕБУВАТЕ ЕКСОДЕРИЛ

Секогаш придржувајте се до точната доза, освен ако не е поинаку пропишано.

Ексодерил треба да се нанесува еднаш дневно на исчистена и целосно исушена инфицирана површина.

Деца и адолесценти: безбедноста и ефикасноста на нафтифин кај деца и адолесценти под 18-годишна возраст не се утврдени (не се располага со податоци за тоа).

Пациенти со нарушена функција на бубрезите и на црниот дроб: не е потребно приспособување на дозата.

Повозрасни пациенти: не е потребно приспособување на дозата.

Времетраење на употреба
Поради брзото подобрување на симптомите (чешање, печење и сл.) важно е да се продолжи лекувањето на габичните инфекции на кожата до две недели откако ќе се повлечат знаците на болеста, со цел трајно да се излекува.
Ако нема подобрување на знаците на болеста во рок од четири недели од почетокот на лекувањето, консултирајте се со Вашиот лекар.

Пред и во текот на лекувањето на габични инфекции на ноктите, исечете ги ноктите што е можно пократко и истурпирајте ја нивната површина. Габичните инфекции на ноктите мора да се лекуваат неколку месеци, се додека повторно не израсне здрав нокт.

Начин на употреба
Ексодерил е наменет исклучиво за надворешна употреба.

Растворот треба да се аплицира директно од шишето или со памуче. Ексодерил треба да се аплицира во доволна количина така што површината на

кожата што треба да се лекува да биде целосно навлажнета и околната површина да е покриена со растворот.

Ексодерил не смее да дојде во контакт со очите или со мукозните мембрани.
За да се излекува габичната инфекција колку што е можно побрзо, треба да се придржувате на следниве правила:

1. Бактериите одговорни за габичната инфекција може да се залепат на облеката која е во допир со инфицираната кожа. Затоа, таквата облека треба да се менува секој ден.
2. Нормалната и, пред сè, сувата кожа е најдобра заштита од габични инфекции. Затоа, избегнувајте тесна облека што ја попречува циркулацијата на воздух кај инфицираните делови на кожата (на пример, чорапи/хулахопки од синтетички влакна во тесни чевли). Секогаш, по миење, треба да го исушите инфицираниот дел на кожата. Крпите за лице и другите крпи треба да се менуваат секој ден.
3. Ако имате габична инфекција на стапалото, не треба боси да одите низ домот, во бањата или во хотел. На овој начин ќе се заштитите од понатамошно ширење на микроорганизмите и, пред сè, од повторување на инфекцијата.
4. Не одете во сауни или во турски бањи пред да се излекува инфекцијата.

**Ако сте употребиле поголема доза од Ексодерил отколку што треба**
*Ако сте употребиле поголема доза од Ексодерил отколку што е потребно, веднаш треба да се посоветувате со Вашиот лекар или фармацевт.*

Нема веројатност за појава на ситуации опасни по живот.
Ако по грешка голтнете дел од Ексодерил раствор за кожа, консултирајте се со лекар. Се препорачува соодветно симптоматско лекување.

Ако имате дополнителни прашања во врска со употребата на овој лек, разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА
*Како и сите лекови, така и лекот Ексодерил може да предизвика несакани дејства, иако истите не се јавуваат кај сите пациенти.*

Во изолирани случаи може да се појават локални знаци на иритација, како што се чувство на сувост, црвенило и печење. Сепак, лекувањето ретко се прекинува како резултат на тоа. Несаканите дејства исчезнуваат откако ќе заврши лекувањето.

*Ако забележите какви било несакани дејства што не се спомнати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

## 5. ЧУВАЊЕ НА ЕКСОДЕРИЛ

Да се чува на температура до 30°C.

По отворање растворот за кожа е стабилен четири недели ако се чува на температура до 25°C.
**Лекот се чува на места недостапни за деца.**

**Рок на употреба**
*Лекот не смее да се употребува по истекот на рокот на употреба, односно по датумот што е наведен на пакувањето.*

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава во аптека без рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
*Внатрешното упатство е одобрено:*

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет:**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •